**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT**
**KËSHILLI I PROKURORËVE PUBLIKË TË REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT**

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

**на одлуката за избор на двајца јавни обвинители во Вишо јавно обвинителство Скопје и на двајца јавни обвинители во Основно јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција**

**I.** Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија на седницата одржана на ден 16.07.2025 година, донесе одлука за избор СОИ бр.6/25 од 16.07.2025 година, со која за јавни обвинители во Вишото јавно обвинителство Скопје се избрани јавните обвинители Дарко Јакимовски и Владимир Милошески.

Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија објави оглас бр.08-134/1 од 29.11.2024 година за избор на двајца јавни обвинители во Вишото јавно обвинителство Скопје („Службен весник на РСМ“ бр.247/24 од 05.12.2024 година).

На објавениот оглас за избор на двајца јавни обвинители во Вишото јавно обвинителство Скопје се пријавија 9-девет кандидати со уредна документација и кои ги исполнуваа условите согласно законот.

Советот формираше Комисија која спроведе интервју со кандидатите на огласот за избор на двајца јавни обвинители во Вишото јавно обвинителство Скопје.

Од одржаното интервју Советот имаше можност да го цени претходното работно искуство на кандидатот, неговата стручност, способност за правна анализа, познавање на материјалното и процесното кривично законодавство, како и способноста за комуникација, професионалниот однос, посветеност кон јавнообвинителската работа, познавањата на јавнообвинителскиот систем и ставовите за понатамошен развој. Сето ова беше земено во предвид во корелација со потребите и предизвиците во работата на Вишото јавно обвинителство Скопје, а чија надлежност опфаќа подрачје на повеќе основни јавни обвинителства, меѓу кои и на Основното јавно обвинителство Скопје како обвинителство со најголем обем на работа и број на предмети.

Со оглед дека станува збор за избор во Вишо јавно обвинителство Скопје, особено беа земени во предвид потребите, предизвиците, големиот обем на работа и сериозноста на предметите по кои постапува ова обвинителство.

Од одржаното интервју Советот имаше можност да се увери дека јавните обвинители Дарко Јакимовски и Владимир Милошески имаат високи стручни и професионални квалитети и со нивната посветеност кон јавнообвинителската работа може позитивно да допринесат кон подобрување на состојбите и начинот на работењето во Вишото јавно обвинителство Скопје.

Особено се истакнаа со нивниот однос кон работата и навременост во извршување на работните обврски, покажаната спремност за стручно решавање на правни прашања, познавање на материјалното и процесното кривично законодавство, како и способноста за комуникација, познавање на јавнообвинителскиот систем и ставовите за понатамошен развој.

Сето ова беше земено во предвид и со подготвеноста за преземање на дополнителна работа и работни задачи при вршење на функцијата јавен обвинител.

Јавниот обвинител Дарко Јакимовски има искуство и преку учество во изготвување на законски и подзаконски акти, менторство и едукација, понатаму има искуство и како излагач и предавач на домашни и меѓународни обуки и семинари, тука вклучувајќи го и сертификатот за предавач од страна на Советот на Европа на практична обработка на член 3,5,6 и 10 од Европската конвенција за човекови права.

Јавниот обвинител Владимир Милошески исто така има искуство и преку учество во изготвување на законски и подзаконски акти, упатства, стратегии, менторство и едукација. Имено, истиот е постојан предавач на почетна и континуирана обука во Академијата за судии и јавни обвинители, на тема компјутерски криминал, финансирање тероризам и учество во странска војска, полициски, паравоени и параполициски формации и финансиски истраги. Автор е и на повеќе практикуми од областа на компјутерскиот криминал и финансиски истраги со конфискација на имот и проширена конфискација.

На седницата одржана на 16.07.2025 година, во текот на дискусијата членовите на Советот ги образложија своите ставови за начинот на гласање и кандидатите Дарко Јакимовски и Владимир Милошески го добија потребното мнозинство гласови од вкупниот број членови од Советот.

Согласно член 61 став 1 и член 62 став 1 алинеја 4 од Законот за јавното обвинителство, кандидатите ги исполнуваат општите услови за избор на јавен обвинител и посебните услови за избор на јавен обвинител во вишо јавно обвинителство.

Кандидатот Дарко Јакимовски е избран за јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Скопје на 05.06.2012 година. Истиот има работен стаж по положен правосуден испит од 15 години и 9 месеци, а како јавен обвинител 12 години и 6 месеци.

По спроведено вонредно оценување извршено од страна на јавниот обвинител кој е определен да раководи со Вишото јавно обвинителство Скопје, јавниот обвинител Дарко Јакимовски се оценува со позитивна оценка и вкупно 25 бодови, со одлука од 27.05.2025 година, а согласно пропишаните критериуми од член 37 до 44 од Законот за јавното обвинителство и Правилникот за оценување на работата на јавните обвинители. Притоа, констатирано е дека јавниот обвинител посветено ги исполнува работните задачи и покрај големиот обем на работа со кој се соочува ОЈО Скопје, а извршувањето на работата како заменик на Основниот јавен обвинител е во целост стручно, ажурно и професионално. Исто така потребно е да се напомене дека јавниот обвинител Дарко Јакимовски покрај тоа што извршува работни задачи како заменик на Основниот јавен обвинител на ОЈО Скопје, истиот согласно годишниот распоред за работа има раководна позиција во повеќе одделенија и тоа: одделението за кривични дела против познати сторители, одделението за кривични дела против непознати сторители и одделението за дневни настани, прием, прегледување и понатамошна распределба на работна пошта, преку него се одвива комуникацијата со Основниот кривичниот суд Скопје и со други државни органи во врска со тековното работење, како и координацијата на обвинителството со органите правосудната полиција, а кои работи

ги врши со успех и посветеност, согласно мислењето на основниот јавен обвинител на ОЈО Скопје. Дополнително меѓу своите колеги ужива голем углед и авторитет во вршењето на функцијата.

Кандидатот Владимир Милошески е именуван за јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Скопје на 28.04.2006 година. На 14.05.2012 година е избран за јавен обвинител во Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, а повторно на 01.06.2016 година. Од 31.01.2018 година јавниот обвинител продолжува да ја врши функцијата јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Скопје. Истиот има вкупен стаж по положен правосуден испит од 26 години и 9 месеци, а како јавен обвинител 18 години и 7 месеци.

По спроведено вонредно оценување извршено од страна на јавниот обвинител кој е определен да раководи со Вишото јавно обвинителство Скопје, јавниот обвинител Владимир Милошески се оценува со позитивна оценка и вкупно 25 бодови, со одлука од 27.05.2025 година, а согласно пропишаните критериуми од член 37 до 44 од Законот за јавното обвинителство и Правилникот за оценување на работата на јавните обвинители. Притоа, од увидот во предметното работење на јавниот обвинител било констатирано ажурно постапување, правилна примена на законите, практиката на ЕСЧП и другите прописи, правилен однос кон донесување и изготвување на јавнообвинителски одлуки и нивно застапување. Јавниот обвинител е и раководител на посебното одделение за сериозен и сложен криминал во ОЈО Скопје, која обврска ја извршува дополнително покрај тековната работа предвидена во годишниот распоред. Исто така меѓу своите колеги ужива углед и авторитет во вршењето на функцијата.

**II.** Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија на седницата одржана на ден 16.07.2025 година, донесе одлука за избор СОИ бр. 6/25 од 16.07.2025 година, со која за јавни обвинители во Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција се избрани јавните обвинители Наташа Поп Трајкова и Катерина Коларевиќ.

Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија објави оглас бр.08-29/1 од 06.02.2025 година за избор на двајца јавни обвинители во Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција („Службен весник на РСМ“ бр.29/25 од 11.02.2025 година).

На објавениот оглас за избор на двајца јавни обвинители во Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција се пријавија 6-шест кандидати со уредна документација и кои ги исполнуваа условите согласно законот.

Советот формираше Комисија која спроведе интервју со кандидатите на огласот за двајца јавни обвинители во Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција.

Од одржаното интервју Советот имаше можност да го цени претходното работно искуство на кандидатот, неговата стручност, способност за правна анализа, познавање на материјалното и процесното кривично законодавство, како и способноста за комуникација, професионалниот однос, посветеност кон јавнообвинителската работа, познавањата на јавнообвинителскиот систем и ставовите за понатамошен развој. Сето ова беше земено во предвид во корелација со потребите и предизвиците во работата на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, а чија надлежност опфаќа постапување по предмети од посложен карактер.

Со оглед дека станува збор за избор во Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, особено беа земени во предвид потребите, предизвиците, обемот на работа и сложеноста на предметите по кои постапува ова обвинителство.

Од одржаното интервју Советот имаше можност да се увери дека јавните обвинители Наташа Поп Трајкова и Катерина Коларевиќ имаат високи стручни и професионални квалитети и со нивната посветеност кон јавнообвинителската работа може позитивно да допринесат кон подобрување на состојбите и начинот на работењето во Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, дополнително имајќи ја во предвид и околноста дека наведените јавни обвинители имаат поминато еден мандат во ова јавно обвинителство, односно имаат искуство во постапувањето по предмети од надлежност на ОЈО ГОКК.

Особено се истакнаа со нивниот однос кон работата и навременост во извршување на работните обврски, покажаната спремност за стручно решавање на правни прашања, познавање на материјалното и процесното кривично законодавство, како и способноста за комуникација, познавање на јавнообвинителскиот систем и ставовите за понатамошен развој.

Сето ова беше земено во предвид и со подготвеноста за преземање на дополнителна работа и работни задачи при вршење на функцијата јавен обвинител.

На седницата одржана на 16.07.2025 година, во текот на дискусијата членовите на Советот ги образложија своите ставови за начинот на гласање и кандидатите Наташа Поп Трајкова и Катерина Коларевиќ го добија потребното мнозинство гласови од вкупниот број членови од Советот.

Согласно член 61 став 1 и член 62 став 1 алинеја 6 од Законот за јавното обвинителство, кандидатите ги исполнуваат општите услови за избор на јавен обвинител и посебните услови за избор на јавен обвинител во основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција.

Кандидатот Наташа Поп Трајкова е избрана за јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Струмица на 03.05.2012 година. За јавен обвинител во Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција е избрана во месец април 2021 година и оттогаш се до денес ја врши јавнообвинителската функција во ова обвинителство. Истата има вкупен работен стаж од 22 години и 4 месеци, а стаж по положен правосуден испит од 20 години и 4 месеци.

По спроведено вонредно оценување извршено од страна на Основниот јавен обвинител на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, јавниот обвинител Наташа Поп Трајкова се оценува со позитивна оценка и вкупно 25 бодови, со одлука од 25.03.2025 година, а согласно пропишаните критериуми од член 37 до 44 од Законот за јавното обвинителство и Правилникот за оценување на работата на јавните обвинители. Притоа, од увидот во предметното работење на јавниот обвинител било констатирано дека постапува стручно, ажурно, ефикасно, непристрасно и совесно, имајќи ги во предвид решенијата за отфрлање на кривичните пријави, поднесените обвинителни акти и предлози и казнени налози, како и поднесените жалби. Јавниот обвинител има професионално и коректно однесување пред судот со почитување на правата и достоинството на спротивната страна, покажува и подготвеност за стручно усовршување. Согласно годишниот распоред, јавниот обвинител меѓу другото е и заменик на Основниот јавен обвинител и Раководител на националната единица за сузбивање на криумчарење мигранти и трговија со луѓе.

Кандидатот Катерина Коларевиќ е избрана за јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Скопје на 01.07.2009 година. За јавен обвинител во Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција е избрана во месец април 2021 година и оттогаш се до денес ја врши јавнообвинителската функција во ова обвинителство. Истата има вкупен работен стаж и тоа по положен правосуден испит од 24 години и 7 месеци.

По спроведено вонредно оценување извршено од страна на Основниот јавен обвинител на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, јавниот обвинител Катерина Коларевиќ се оценува со позитивна оценка и вкупно 25 бодови, со одлука од 25.03.2025 година, а согласно пропишаните критериуми од член 37 до 44 од Законот за јавното обвинителство и Правилникот за оценување на работата на јавните обвинители. Притоа, од увидот во предметното работење на јавниот обвинител било констатирано дека постапува стручно, ажурно, ефикасно, непристрасно и совесно. Покажува способност за креирање на односите во работната средина за успешно извршување на функцијата и способност за тимска работа. Не се констатирани забелешки за неговата непристрасност, како ни по однос на неговиот углед и етичност. Јавниот обвинител има професионално и коректно однесување пред судот со почитување на правата и достоинството на спротивната страна, покажува и подготвеност за стручно усовршување, а учествува и во повеќе работни групи како што е работната група за изготвување на Законот за јавно обвинителство и Законот за Советот на јавните обвинители. Согласно годишниот распоред, јавниот обвинител е определена за Раководител на одделението за гонење на кривични дела од областа на тероризмот.